Бр. 11 - 2470/2
30-10-2025.2025 год

До: ПКБ Безбедност

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од ПБК Безбедност од Скопје, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 21.10.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** од ПБК Безбедност од Скопје со арх.бр. 11-2470/1 од 06.10.2025 година, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

### Образложение

До Министерството за спорт на ден 06.10.2025 доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на ПБК Безбедност од Скопје, во кое се бараат повеќе информации.
Согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за спорт во прилог ви доставува информации кои истото ги поседува како имател.
-Предлог за покренување на дисциплинска постапка бр 04-1035
-Одлука за отфлање на иницијатива за покренување на дисциплинска постапка – веќе доставена по предходно барање.
-Решение за формирање на дисциплинска комисија по иницијатива 16-497/3 од 14.05.2025 – Не е фомирана (Одлука за отфрлање-доставена)
-Наредба бр.14-562/3 од 01.04.2025 година – во прилог
-Информација за предметна претставка во однос на одлука 04-1035/4 од 08.07.2025
-Хронолошки предмети по арх.бр.14-562/3
-Детални информации по наведениот предмет (наведени во предходни наведени архивски броеви)
-Детални наводи во Налог за извршување на инспекциски надзор-не е информација од јавен карактер
-Дали лицата Зоран Ивановски, Бошко Лепчевски, Снежана Соколова и Борко Ристовски извршиле увид во предметна претставка -не е информација од јавен карактер
-Применување на одредбите од Закон за општа управна постапка и Закон за организација и работа на органи на државната управа при извршување на инспекциски надзор- работата на инспекторите ја

оценува државниот орган во кој вработените во Одделението за инпекциски надзор се во редовен работен однос.

-Информации кои прописи, работни и програмски материјали ги поседува секоја НСФ-Информацијата е содржана во Закон за спорт

-Извештаи за работата на Одделението за инспекциски надзор, стратешки план- веќе одговорено барање.

-Име и презиме на Државниот секретар на Министерство за спорт

-Сашо Огњеновски -saso.ognjenovski@ms.gov.mk

-За информациите чиј имател е БФРСМ, ве информираме дека по информациите содржани во барањето да се обратите до БФРСМ.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-2470/2
21.10.2025 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:**
- Барател на информацијата
- Сектор
-Архива